ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 387 и 388 од Законот за трговските друштва, член 37 и 38 од Статутот на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, и во согласност со Одлуката за свикување на свикување на Годишно собрание на акционерите на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје за деловната 2019 година донесена од страна на Одборот на директори на Друштвото на ден 22.05.2020 година, Извршниот директор на Друштвото објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за свикување на Годишно собрание на акционерите на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје за деловната 2019 година

**1. ДАТУМ, ЧАС И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ**

Со Одлука за свикување на Годишно собрание на акционерите на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје за деловната 2019 година, донесена од страна на Одборот на директори на Друштвото на ден 22.05.2020 година, свикана е седница на Годишното собрание на акционерите на Друштвото за деловната 2019 година.

Седницата ќе се одржи на ден 24.06.2020 година (среда) во 12:00 часот, во седиштето на Друштвото, на ул.„Скупи“ бр.12, Скопје-Карпош.

**2. ДНЕВЕН РЕД**

За работа на седницата на Собранието на акционери се предлага следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

**I. Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието на акционери;
2. Утврдување на кворум за работа на Собранието:
- Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери или нивни полномошници.
3. Избор на работни тела:
- Избор на Претседавач на Собранието;
- Избор на записничар на Собранието - Именување на Нотар за водење на Записникот на Собранието.

**II. Работен дел**

1. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ за 2019 година
- Прилог_Мислење на Неизвршните членови на Одборот на директори по Годишниот извештај за работењето на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ за 2019 година;
- Прилог_Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ за 2019 година.
2. Разгледување и усвојување на Годишната сметка на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје за 2019 година
- Прилог_Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје за 2019 година.
- Прилог_Предлог Одлука за распределба на нето добивката за 2019 година.
3. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот 01.01.-31.12.2019 година
- Прилог_Мислење на Неизвршните членови на Одборот на директори по Годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот 01.01.-31.12.2019 година;
- Прилог_Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот 01.01.-31.12.2019 година.
4. Разгледување и усвојување на Финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2019 година и Извештај на независниот ревизор
- Прилог_Предлог Одлука за усвојување на Финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2019 година и Извештај на независниот ревизор.
5. Предлог Одлука за избор на Овластен ревизор за деловната 2020 година;
6. Разгледување и усвојување на Извештајот за работењето на Одборот на директори на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје во 2019 година;
- Прилог_Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Одборот на директори на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје во 2019 година;
- Разгледување на работата на Одборот на директори со одобрување на работата на секој член одделно со Прилог_Предлог Одлуки за одобрување на работата за секој член одделно.
7. Предлог Одлука за отповикување на неизвршните членови на Одборот на директори на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје;
8. Предлог Одлука за избор на неизвршни членови на Одборот на директори на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје;
9. Предлог Одлука за определување месечен паушал на членовите на Одборот на директори.

Се повикуваат акционерите на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје да присуствуваат на Собранието.

**3. ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Право на учество на седницата на Годишното собрание на акционери има секој акционер на Друштвото запишан во акционерската книга на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, лично или преку овластен полномошник кој ќе го застапува, со уредно полномошно согласно одредбите на Законот за трговските друштва.

Полномошното мора да биде доставено во Друштвото, најдоцна пред почетокот на одржувањето на седницата.

**4. ПРИЈАВА НА УЧЕСТВО**

Секој акционер кој има намера да учествува на Годишното собрание или негов полномошник, е должен да го пријави своето учество најдоцна пред почетокот на одржување на седницата на Собранието.

Пријавување за учество на Собранието се врши со пријава во писмена форма, а за полномошникот во прилог на пријавата се доставува и полномошно, составено во форма предвидена со закон.

Пријавата за учество на седницата се доставува на адресата-седиштето на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, ул.„Скупи“ бр.12, Скопје-Карпош, лично или преку пошта со препорачана пратка.

**5. МАТЕРИЈАЛИ**

Материјалите за седницата на Годишното собрание на акционери ќе бидат достапни за секој акционер во просториите на Друштвото, на ул.„Скупи“ бр.12, Скопје-Карпош, секој работен ден од 10:00 часот до 12:00 часот.

**ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**
**Извршен директор Ралица Губерова**